
Проектот е финансиран од ЕУ
Медиа Плус
ПОД ЛУПА
трошењето на 20-те
најзадолжени општини
во Р.Македонија
mediaplus.org.mk/podlupa

ПРОЕКТ **МЕДИАПЛУС**

# ПОД ЛУПА

## ТРОШЕЊЕТО НА 20-ТЕ НАЈЗАДОЛЖЕНИ ОПШТИНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

MEDIAPLUS.ORG.MK/PODLUPA

Издавач: Здружение на граѓани **Меда Плус – Штип**
**www.mediaplus.org.mk**
E-mail: **info@mediaplus.org.mk**

Изработил:
**Весна Коловска**
**Слободанка Блажевска**
**Кире Андонов**

Техничка подготовка и визуелизација:
**Трајче Гогов**

**Бесплатен/комерцијален примерок**
Оваа публикација е изготвена со помош на грант доделен преку проектот „Истражувачко новинарство за поттикнување реформи", што го спроведуваат Центарот за граѓански комуникации, НВО Инфоцентар и БИРН Македонија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на здружението Медиа Плус,и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

**Ноември, 2018 година**

ПРОЕКТ МЕДИАПЛУС

# ПОД ЛУПА

## ТРОШЕЊЕТО НА 20-ТЕ НАЈЗАДОЛЖЕНИ ОПШТИНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

MEDIAPLUS.ORG.MK/PODLUPA

## Предговор

## Блокираните општини живеат со месечен лимит и наталожени долгови

Колку всушност должат 20-те најзадолжени општини во Македонија, кои со години работат со блокирана сметка, беше предмет на истражување и анализа на Здружението на граѓани Медиа плус од Штип. Почнавме од годината 2012-та до датумот 30-ти септември 2017 година, пред почетокот на Локалните избори 2017, кога овие општини побараа финансиска помош да ги спроведат изборите. Од кога должат, кому должат, кој градоначалник како работел низ бројки, покажува подолгата анализа на крајот од ова истражување. Анализата е заснована на официјалните документи што ни ги испратија сите општини, со исклучок на Општина Пласница. Според документите од општините што Медиа плус ги доби преку Законот за слободен пристап до информации, долгот на 19-те најзадолжени општини изнесува 48.188.378 евра. Во овој износ не се пресметани долговите на јавните претпријатија и општинските установи. Од друга страна, Министерството за финансии објави дека заклучно со 30.09.2018 година, сите 80 општини и Град Скопје должат 81,3 милиони евра или 5 милијарди денари. Институциите основани од единиците на локална самоуправа од областа на образованието, културата, детската и социјалната заштита должат 15,4 милиони евра, или 950 милиони денари. Податоците кои ги баравме, а потоа и анализиравме, покажуваат дека општините граделе, реконструирале и изведувале работи, што потоа не можеле да ги платат, па наталожиле долг што ги довело до тоа да работат со блокирана сметка. Други повеќе од половина од својот буџет го трошеле на плати, па им останувало малку да ја реализираат програмата. Без исклучок најголемите задолжувања стигнувале во или по изборната година, кога новите градоначалници ги добивале фактурите за плаќање на своите претходници. Најголеми се долговите на општините во 2013 и 2014 година и во 2017 година. Има општини кои ги задолжиле своите јавни претпријатија, не плаќајќи им за услуги и други работи, додека има и спротивен случај, кога општините одвојувале пари како субвенција на јавните претпријатија. Меѓу 20-те општини карактеристичен е случајот на Куманово, кога долгот на општината е многу помал од тој на јавните претпријатија што ги формирала, па сега општината ги отплаќа нивните долгови. Општината Куманово, има обврски од 182,7 милиони денари, додека петте претпријатија заедно околу 600 милиони денари. Генерално, општините трошеле многу повеќе пари од тоа што го имале или успеале да го соберат, а при тоа вработувале и ја полнеле општинската администрација, при што повеќе од половината буџет го одвојувале за плати. За сите општини е важи оценката дека имале преобемни планирања на буџетот, по што се превеле ребаланси со намалување на предвидените износи по ставки. Некаде тоа планирање отстапувало од 30-50 отсто. Поради тоа неодамна владата предложи закон со кој ги ограничува општините да можат да го зголемуваат буџетот за најмногу 10% од претходната година. Општините потфрлувале во собирањето на данокот на имот, а многу често и во продажбата на градежно земјиште. Најдобра илустрација за трошењето на општините се податоците на Министерството за финансии, според кое, вкупниот долг на ЕЛС во 2005 година бил 25 милиони евра вклучувајќи го и долгот на јавните комунални претпријатија, што заедно сочинува 3,3 % од вкупниот долг на државата. За 13 години тој долг пораснал за 56,3 милиони евра, па во септември 2018 година изнесува 81,3 милиони евра.




# Што вели централната, а што локалната власт?

На 13 ноември 2018 година е донесен Законот за финансиска поддршка на единиците на локална самоуправа и единки корисници основани од единиците на локална самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски, со кој од Буџетот на Република Македонија се издвојуваат околу 50 милиони евра, за отплата на 51 отсто од долговите, без тие на јавните претпријатија. Секоја општина добива различен износ во зависност од големината на долгот. Законот ја обрзува општината да распише повик за пријавување до компаниите да го пријават побарувањето од општината. Потоа се склучува спогодба, а предност ќе имаат компании кои ќе се откажат 15 отсто од долгот и од целиот износ на каматите. До датумот 1 септември 2017 со блокирани сметки беа општините: Зрновци,Пласница,Ресен,Делчево,Охрид,Струга,Пехчево, Куманово,Градски,Брвеница,Тетово,Ранковце,Сопиште,Боговиње,Берово,Карбинци,Старо Нагоричане и Чашка, а со налози за блокада Липково и Неготино. Во меѓувреме, неколку од овие општини, успеаја да ја одблокираат својата сметка

ПРОЕКТ МЕДИАПЛУС

# ПОД ЛУПА

ТРОШЕЊЕТО НА 20-ТЕ НАЈЗАДОЛЖЕНИ ОПШТИНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

## Општина: Берово

**Вкупен долг: 45.534.123ден**

**Актуелен градоначалник: Звонко Пеќевски**

### ДОЛГ ПО ГОДИНИ

2012 25.950.009ден
2013 18.878.530ден
2014 13.406.975ден
2015 19.229.815ден
2016 29.566.970ден
2017 45.752.080ден
2018 44.296.951ден

MEDIAPLUS.ORG.MK/PODLUPA



**2012 година** – долг **25,9 милиони денари**, од кои **16,9 милиони** за капитални инвестиции

Вработувања - 2 по Закон за административци, 1 на неопределено време
Во завршната сметка – по 203 милиони во приходи и расходи, за плати надоместоци исплатени 105 милиони, односно половина од приходите оделе за плата. За привремени вработувања во расходи 127.919 денари, трансфер до јавни препријатија - 300.000 денари, расходи во ставката други градежни објекти 20,3 милиони.

**2013 година** – долг **18,8 милиони денари**, од кои **9,6 милиони** за капитални инвестиции

Вработувања - 4 по Закон за административци
Во завршната сметка: Приходи 232 милиони, реализација 251,7 , од кои 76 милиони за плати, еден милион денари за времени вработувања, 16,7 милиони за разни трансфери, а 1,2 милион денари за возила, 21 милион се домашно задолжување.

**2014 година** – долг **13,4 милиони денари**, од кои **4,6 милиони** за капитални инвестиции

Вработувања - 1 по Закон за административци
Во завршната сметка: Приходи 232 милиони, реализација 200,2 милиони денари, 993.000 денари за времени вработувања, 11 милионидоговорни услуги, 34,2 за ставката градежни објекти, 108.000 за исплата на камати.

**2015 година** – долг **19,2 милиони денари**, од кои **10 милиони** за капитални инвестиции

Во завршната сметка: Приходи 202,5 милиони, -реализација 203 милиони, од кои 78 милиони за плати, 771.000 денари за времени вработувања, 10 милиони денари за договорни услуги и 1,3 милиони трансфери за јавни претпријатија.

**2016 година** – долг **29,5 милиони денари**, од кои **10,8 милиони** за капитални инвестиции

Вработувања - 3 по Закон за административци
Во завршната сметка: Приходи 225 милиони, реализација 224 милиони, од кои за плати 78,5 милиони, 373.000 денари за времени вработувања, 5,6 милиони за разни трансфери, 38,5 за ставката градежни објекти, за трансфери кон невладини организации 830.000 денари.

**2017 година** – долг **45,7 милиони денари**, од кои **14,3 милиони** за капитални инвестиции

Во завршната сметка: Приходи 219 милиони, реализација 190 милиони, од кои 79 милиони за плати, 732.000 денари за времени вработувања, 3,5 милиони денари за разни трансфери, 28, 7 за ставката други градежни објекти, 730.000 трансфери кон НВО. За оплата на главнина од заем 2,3 милиони денари.

**2018 година долг: 44,2 милиони денари**, од кои **12,9 милиони за капитални** инвестиции

26,3 милион по судски решенија. За исплата чекаат извршни решенија за ГП Пелагонија инженеринг вкупно 32 милиони денари, а за АДГ Пелагонија во стечај, 27 милиони денари, откако биле платени 4,8 милиони денари во 2017 година.

ПРОЕКТ МЕДИАПЛУС

# ПОД ЛУПА

ТРОШЕЊЕТО НА 20-ТЕ НАЈЗАДОЛЖЕНИ ОПШТИНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

## Општина: Брвеница

**Вкупен долг: 55.891.411ден**

**Актуелен градоначалник: Енвер Пајазити**

### ДОЛГ ПО ГОДИНИ

2012 37.149.381ден 2014 62.997.265ден 2016 57.418.878ден 2018 55.891.411ден

2013 34.801.801ден 2015 53.375.222ден 2017 56.526.852ден

MEDIAPLUS.ORG.MK/PODLUPA



**2012 година** – долг **37,1 милиони** денари

Најголем долг кон ЕЛЕМ – 10,5 милиони денари за поставување јавно осветлување , кон ЕВН 2 милиони за потрошена струја за јавно осветлување. Општината должи кон Препарими пат – 6,3 милиони денари за набавка на бекатон плочки и пополнување на ударни дупки на локален пат, кон НБ компани за изградба на фекална канализација во Горни Чепопек. Кон НЛБ лизинг за набавка на возило – 444.000 ден.

**2013 година** – долг **34,8 милиони** денари

Останува истиот износ на долгот кон ЕЛЕМ – 10,8 милиони денари, кон ЕВН 2,8 милиони, 5,9 милиони за изградба на основно улилште во Долни Чепопек, 3,6 милиони за изградба на локален пат и 1,6 милион денари за изградба на паркови и зеленило. Други оберски - 9,8 милиони денари.

**2014 година** – долг **62,9 милиони** денари

Ист ионос на долг кон ЕЛЕМ, ЕВН 1,6 милиони денари, намален долгот за изградба на училиште во Долни Чепопек – 5 милиони, за изградба на локален пат од Долни до Горни Чепопек должи 17,8 милиони денари. Од другите долгови – 7,7 милиони за изградба на речно корито во село Милетино. Неплатени оберски од 3,5 милиони за изградба на пат од село Жеровјане до село Радиовце, додека за изградба на паркови и зеленило општината има долг од 2 милиони. Други оберски: 11,4 милиони денари.

**2015 година** – долг **53,3 милиони** денари

Долгот кон ЕЛЕМ останува ист, кон ЕВН 2,9, намален долгот за изградба на училиште во Долни Чепопек на 3 милиони, намален е долгот за изградба на локален пат ид Долни до Горни Чепопек на 10,6 и за изградба на речно корито во село Милетино, каде долгот е 4,7 милиони денари. За изградба на паркови во Чепопек и Радиовце општината останала должна 4 милиони, За други оберски, општината Брвеница должи 13,3 милиони.

**2016 година** – долг **57,4 милиони** денари

За изградба на патот од Долни до Горни Чепопек оберска од 12.8 милиони. За фекална канализација во Брвеница – 7,8 милиони, 5,3 милиони долг за уредување на речното корито во село Милетино, за изрдба на тротоари во Брвеница – 4 милиони а 3,3 милиони за уривање на старото училиште во село Чепопек. Други оберски – 13,6 милиони. Ист е износот на долгот за изградбата на патот од Жеровјане до Радиовце и кон ЕЛЕМ.

**2017 година** – долг **56,5 милиони** денари

Исти се оберските за изградбата на патот од Долни до Горни Чепопек кои изнесуваат 12,6 милиони, за речното корито во Милетно – 2,2 милиони, пораснале оберските за изградба на тротоари во Брвеница 6,7 милиони, за фекалната канализација – 7,8 милиони, како и оберските кон ЕЛЕМ, кои изнесуваат 2,8 милиони. За изнајмување на училишен автобус направен е долг од 4,7 милиони, а за набавка на дрва за училиштата долгот е 3,1 милион денари. Други оберски 11,9 милиони.

**Општина Брвеница во 2017 година имала буџет од 119,7 милиони, од кои за плати и надоместоци се наменети 83 милиони или три четвртини од буџетот(69%) оди за плати.За времени вработувања 1,3 милиони, што е за 200.000 денари повеќе од 2016 година, а повеќе од половина од 2015 година, кога за вработувања преку Агенција за времени вработувања биле предвидени близу 600.000 денари. Средствата за привремени вработувања постојано се зголемуваат од година во година. Во 2014 година за оваа намена биле издвоени 131.000 денари.**

ПРОЕКТ МЕДИАПЛУС

# ПОД ЛУПА

## ТРОШЕЊЕТО НА 20-ТЕ НАЈЗАДОЛЖЕНИ ОПШТИНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

# Општина: Чашка

## Вкупен долг: 6.034.425ден

## Актуелен градоначалник: Горан Стојановски

## ДОЛГ ПО ГОДИНИ

2012 9.192.546ден

2013 18.131.105ден

2014 12.105.231ден

2015 5.042.190ден

2016 14.354.693ден

2017 11.734.501ден

2018 6.034.425ден

MEDIAPLUS.ORG.MK/PODLUPA




**2012 година** – долг **9,1 милиони** денари

**2013 година** – долг **18,1 милиони** денари

Училиштата должат 7,2 милиони денари за електрична енергија, потрошена вода и телефонски услуги. За училишен превоз – четири милиони, додека по извршни судски решенија биле исплатени 3,4 милиони. За отплата на главнина од кредит шест милиони денари, а за привремени вработувања 4,6 милиони денари.

**2014 година** – долг **12,1 милион** денари

Во завршната сметка за комуналните услуги на училиштата се издвоени 4,6 милиони, за правни услуги 1,3 милиони, за превоз на ученици 4,2 милиони,а за привремени вработувања 7 милиони денари.

**2015 година** – долг **5 милиони** денари

Потрошениот износ за привремени вработувања пораснал на 10 милиони денари. 22 милиони се издвоени за улици, а за отплата на главнината 675.00 денари. До невладини организации биле трансферирани 2,8 милиони денари.

**2016 година** – долг **14,3 милиони** денари

Еден милион денари биле исплатени за судски решенија, додека за отплата на главнината 675.000 денари. За камати на кредити - 109.000 денари. За привремени вработувања 13,8 милиони.

**2017 година** – долг **11,7 милиони** денари

Комунални услуги, тековно одржување и разни трансфери се позначајни ставки во расходите во завршната сметка. За привремени вработувања 12,3 милиони, додека за отплата на главнина 1,6 милиони.

**2018 година** – долг **6 милиони** денари

Кон кого должи, Општината Чашка не даде податоци, поради како што одговорија „заштита на личните податоци кон тие што должи општината".

ПРОЕКТ МЕДИАПЛУС

# ПОД ЛУПА

## ТРОШЕЊЕТО НА 20-ТЕ НАЈЗАДОЛЖЕНИ ОПШТИНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

## Општина: Делчево

**Вкупен долг: 14.672.985ден**

**Актуелен градоначалник: Горан Трајковски**

### ДОЛГ ПО ГОДИНИ

2012 25.950.009ден
2013 18.878.530ден
2014 13.406.975ден
2015 19.229.815ден
2016 29.566.970ден
2017 45.752.080ден
2018 44.296.951ден

MEDIAPLUS.ORG.MK/PODLUPA



**2012 година** – долг **74,4 милион денари**. Вратени обврски **42,8 милион денари**.

Од завршната сметка: за глоби и судски такси платено 1,7 милиони денари, за купено возило 470.000 денари, за привремени вработувања 2,7 милиони, за ставката Други градежни објекти – 35,2 милиони денари.

**2013 година** – долг **88,5 милион денари**. Вратени обврски **56,2 милион денари**.

Во завршна сметка: за привремени вработувања – 3,5 милиони денари 2014 година – долг 70,7 милион денари /вратени обврски 45 милион денари.

**2014 година** – долг **70,7 милиони денари**. Вратено **4,5 милиони денари**.

Во завршна сметка: ставка други градежни објекти 100.9 милиони денари, проревремени вработувања 3,7 милиони, купување возило за јавна чистота 3,7 милиони , други договорни услуги 12 милиони, отплата на главнина кон домашни институции 3 милиони денари.

**2015 година** – долг **67,4 милион денари**. Вратени обврски **49,2 милион денари**.

Во завршна сметка ставка Други градежни објекти: 108.6 милиони денари, домашно задолжување 54,6 милиони со отплата на главнината од 7,2 милиони денари. Привремени вработувања 3,1 милиони.

**2016 година** – долг **59,9 милион денари**. Вратени обврски **37,6 милион денари**.

Во приходната ставка во буџетот од домашно задолжување - 14,4 милиони денари, во делот на расходи за привремени вработувања 5,2 милиони денари.За камати 200.000 денари.

**2017 година** – долг **65,3 милион денари**. Вратени обврски **22,4 милион денари**.

Домашно задолжување 17,7 милиони денари, за привремени вработувања 4,4 милиони денари, договорни услуги 3,4 милиони, каматни плаќања од близу 100.000 денари.

**2018 година долг: 14,6 милион денари**.

**ПРОЕКТ** **МЕДИАПЛУС**

# ПОД ЛУПА

## ТРОШЕЊЕТО НА 20-ТЕ НАЈЗАДОЛЖЕНИ ОПШТИНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

## Општина: Долнени

**Вкупен долг: 14.330.827ден**

**Актуелен градоначалник: Џемил Ќамили**

### ДОЛГ ПО ГОДИНИ

2012 5.790.474ден

2013 2.396.197ден

2014 нема информации

2015 24.532.851ден

2016 22.290.657ден

2017 31.764.749ден

2018 14.330.827ден

MEDIAPLUS.ORG.MK/PODLUPA



**2012 година** – долг **5,7 милиони денари.**

Во ставка Други градежни објекти - 4,5 милиони денари
Општината должи за членарини, одржување на патиша и услуги, а набавено е и возило.
Во август 2012 година повлечена е првата рата од кредит во износ од 1,5 милиони денари.
Втора транша во ноември во износ од 7,2 милиони денари.
Во 2012 е регистриран кредит MSIP за Подобрување на општинските услуги во износ од 16,3 милиони.
Првата рата е во февруари 2015 година, рок на исплата 10,5 години. Исплатена е и камата во износ од 52.727 денари.
Нововработени шест – 3 според Законот за државни службеници, 3 според Закон за работни односи.
Според завршната сметка, приходи 100 милиони, расходи 99 милиони.

**2013 година** – долг **2,3 милиони денари**.

Евидентирано е домашно задолжување во износ од 7,5 милиони.
Исплатена е трета транша од кредит во износ од 7,5 милиони.

**2014 година** – нема информации за долг

Во завршната сметка, во расходи за ставка Други градежни објекти – 12,8 милиони, купување на возила 362.808 денари, камати 52,838 денари, за привремени вработувања 2,1 милион денари.

**2015 година** – **24,5 милиони денари**.

Општината должи за одржување на патишта, услуги, потрошена струја, дезинсекција и проекти.

**2016 година** – долг **22,2 милиони денари**.

Должи за членарини, патишта, дезинсекција и проекти.
Во завршна сметка, ставката Договорни услуги изнесува 5,3 милиони.
За привремени вработувања близу 700.000 денари .

**2017 година** – долг **31,7 милиони денари**.

Општината должи за комуналии, членарини, изградба и одржување на патишта, изградба на водовод, услуги, дезинсекција, проекти и изградба на капацитети во енергетиката.
Во завршаната сметка за ставката Други градежни објекти – 28,7 милиони.
За отплата на главнината исплатени 2,1 милион, за привремени вработувања 1,4 милиони.

**2018 година долг: 14,3 милион денари**.

Во јануари обврските изнесувале 49,1 милион, во април 21,5 милиони денари.
Општината има обврски за комуналии, членарини, изградба и одржување на патишта, изградба на водовод, услуги, дезинсекција и изградба на капацитети во енергетиката.
Во летото 2016 година, медиумите пренесуваат информација дека Општината ја реализира најголемата инвестиција – изградба на пат од село Црнилиште до селата Ропотово и Лажани, во должина од 17 километри, инвестиција вредна 1,8 милиони евра.

**ПРОЕКТ МЕДИАПЛУС**

# ПОД ЛУПА

**ТРОШЕЊЕТО НА 20-ТЕ НАЈЗАДОЛЖЕНИ ОПШТИНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА**

## Општина: Гратско

**Вкупен долг: 25.809.771ден**

**Актуелен градоначалник: Роберт Бешовски**

### ДОЛГ ПО ГОДИНИ

2012 25.926.358ден
2013 24.102.965ден
2014 31.050.644ден
2015 21.705.600ден
2016 21.872.634ден
2017 26.850.843ден
2018 25.809.771ден

MEDIAPLUS.ORG.MK/PODLUPA



Градско контитунирано живее со обврски од околу **25 милиони денари** или во просек половина од тоа што го реализира годишно (завршните сметки се со реализиација од **50 милиони денари**. За **2017 година** планирани **108 милиони денари** за реализација - реализирани 65 милиони денари.

**2012 година** – долг **25,9 милиони денари**. Вратено **8,9 милиони денари**.

**2013 година** – долг **24,1 милиони денари**. Вратено **11,6 милиони денари**.

**2014 година** – долг **31 милиони денари**. Вратено **26,6 милиони денари**.

**2015 година** – долг **21,7 милиони денари**. Вратено **23,3 милиони денари**.

**2016 година** – долг **21,8 милиони денари**. Вратено **16 милиони денари**.

**2017 година** – долг **26,8 милиони денари**. Вратено **15 милиони денари**.

**2018 година** - долг **25,8 милиони денари**. Вратено **4,7 милиони денари**.

Градско должи за тековни работи, комунални услуги, разни трансфери **207.534 евра – 12.763.349 денари**, а за отплата на главнина вкупно **5,5 милиони денари**, или околу **90.000 евра**.

Отплатата на долгот и ставката разни трансфери чинат три четвртини од буџетот на општината.

Најмногу се враќало во текот на **2014/2015**, а најголем доспеан износ во **2014 – 31 милион денари**, а во **2017 - 26 милиони денари**, односно со стапувањето на функција на новите градоначалници.

ПРОЕКТ МЕДИАПЛУС

# ПОД ЛУПА

ТРОШЕЊЕТО НА 20-ТЕ НАЈЗАДОЛЖЕНИ ОПШТИНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

## Општина: Карбинци

**Вкупен долг: 17.517.948ден**

**Актуелен градоначалник: Јордан Насев**

### ДОЛГ ПО ГОДИНИ

2012 6.327.220ден
2013 6.431.420ден
2014 27.917.000ден
2015 13.749.070ден
2016 56.358.766ден
2017 19.972.847ден
2018 16.799.959ден

MEDIAPLUS.ORG.MK/PODLUPA



**2012 година** – долг **6,2 милиони** денари

Меѓу поголемите износи кон компаниите на кои должи општината е кон ТМ ДОО – 2,6 милиони, Инвест А – над 600.000 денари, а пониски се износите за телефонски услуги, потрошена струја, гориво, а на листата на фирми на кои должи е и Проше лизинг со над 500.000 денари и компанијата на семејството на поранешниот градоначалник на Кочани, Ратко Димитровски, Европа 92.

**2013 година** – долг **6,4 милиони** денари

Градежни и проектантски компании, електро и компании за мебел се компаниите на кои им должи Општината Карбинци. Над 2,6 милиони е долгот кон гостиварски Имако, кон градежната и транспортна компанија Коле транс – над 700.000 денари, а на листата доверители е и Проше лизинг со 278.000 денари.

**2014 година** – долг **27,9 милиони** денари

Долг од 19,3 милиони денари општината има кон ГП Бетон, кон штипската градежна компанија Пелагонија инжинеринг, семејна компанија на актуелниот градоначалник на Штип, Благој Бочварски, Карбинци должела 3,5 милиони денари. Над 1,6 милиони кон ТМ ДОО, блиэу милион денари кон Стоименов ДООЕЛ (фирма од листите на доверители и во Општината Пехчево), а околу 300.000 денари, општината останала должна за угостителските услуги кон ОАЗА Угостителство и Нестор. Долговите кон овие две компании се провлекуваат и следните години.

**2015 година** – долг **13,7 милиони** денари

Четири градежни компании доминираат со износите за завршени а неплатени работи. Општината има неплатени обрски кон Бетон од 3,5 милиони денари, потоа по над еден милион кон Коле транс, Пелагонија инжинеринг и Карпош. Меѓу неплатените обврски се и кон компании кои вршеле запрашување против комарци, угостителски услуги, набавка на материјли и проектантски фирми.

**2016 година** – долг **56,3 милиони** денари

Една градежна компанија со ненаплатените работи го чини најголемиот дел од највисокот долг што го имала општината во анализираните години. 43,5 милиони денари изнесувал долгот кон Коле транс. Остнатите се со далеку пониски износ- кон ЕВН – 1,3 милиони, Евроградба инжинеринг – 1,5 милиони, а општината должела и кон регионалната телевизија Стар за износ од над 120.000 денари.

**2017 година** – долг **19,9 милиони** денари

Долгот кон Коле транс се намалил на 10,2 милиони денари, кон ЕВН 1,2 миилони, а значително пониски се долгувањата за гориво, проектирање и други услуги.

**2017 година** – долг **16,7 милиони** денари

**Карактеристично за Општината Карбинци е што со години има значаен процент од годишниот приход од странски донации по пат на проекти. Процентуално, 16% од општинскиот буџет го чинат странски донации, а 15% од буџетот се одвојуваат за плати на вработените. Што значи, грубо пресметано, проектите обезбедувале пари за плати за сите вработени. Буџетот слабо се полни сите години со данок на имот, делумно и поради нерешените барања за легализација. Барањата со години стојат нерешени, поради што Општината неодамна најави дека ќе бара адинистративна помош од другите општини за побрзо решавање на насобраните предмети. Најнискиот износ на долгот бил во 2012 година,(6,3 милиони денари) за во 2016 да порасне осум пати и да достигне 56,3 милиони денари.**

ПРОЕКТ МЕДИАПЛУС

# ПОД ЛУПА

## ТРОШЕЊЕТО НА 20-ТЕ НАЈЗАДОЛЖЕНИ ОПШТИНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

# Општина: Куманово

## Вкупен долг: 211.782.940ден

## Актуелен градоначалник: Максим Димитриевски

## ДОЛГ ПО ГОДИНИ

2012 нема информации

2013 нема информации

2014 нема информации

2015 нема информации

2016 нема информации

2017 нема информации

2018 211.782.940ден

MEDIAPLUS.ORG.MK/PODLUPA



Општината Куманово 2017 година ја завршува со долг од **220 милиони денари**. Во февруари 2018 достигнува **221,7 милиони денари**. Куманово работи со месечен лимит од **37.2 милиони денари** за нормално фукционирање на општината со 5 јавни претпријатија со обезбедување на плати и други трошоци. Се' што стигнува над тој износ завршува кај доверителите, кои имаат извршни решенија. Работи комисија за компетна проверка на побарувањата и уште една за проверка на долговите од данок на имот од граѓаните и правните лица. Ангажиран е даночен извршител.

Овие информации беа јавно кажани на седница на Советот на Општината кога се разгледуваше завршната сметка за **2017 година** на прес конференциите на градоначалникот Максим Димитриевски. Според кажаното, долгот на општината е далеку помал од долгот на сите пет јавни претпријатија, кој изнесува **820 милиони денари** или околу **13,5 милиони евра**. Општината, како основач на јавните претпријатија, презела дел од долговите, а враќа и кредити. Општината во име на ЈП Водовод на Министерството за финасии платила рата од **62,4 милиони денари** за кредит МЕА. Остнуваат уште **44 милиони**, за што е склучена спогодба на рати по **12 милиони денари**, а се пресметуваат и износите за камати.

Блокирани се ЈП Куманово паркинг и ЈП Водовод. Одблокирано ЈП Чистота и зеленило со гаранција на општината со хипотека. Ова претпријатие беше блокирано од УЈП за неплатен ДДВ.

ЈП Куманово гас имало долг **3,5 милиони денари**, сега **97.000 денари** и се бараат партнери за докапитализација преку јавно приватно партнерство. Сепак, компанијата која доставува и продаава гас во првата гасифицирана општина со години работи со загуба. Во 2017 година загубата е **1,3 милиони денари** при приход од еден милион и расход од **2,4 милиони денари**. Во 2018 Куманово гас во завршната сметка прикажува загуба од **1,78 милиони денари** со помал приход од **717.000 денари** и расходи од **2,5 милиони денари**.

Со загуба работи и ЈП Водовод со **406 милиони денари** загуба, а во исто време има **395 милиони денари** ненаплатени побарувања. ЈП Пазариште во вториот квартал од **2018 година** прикажало загуба од **1,1 милиони денари** додека 2017 година ја завршува со загуба од **135.000 денари**.

Општината Куманово пак, должи 1,**1 милион денари** кон сопственото јавно за грубрарина. Општина во периодот од **2011-2017 година** не успеала да наплати 32 милиони денари на име комунална такса.

До општината е стигната пресуда од **69 милиони денари** за предметот „Спирово имање". Основица е платена, но остануваат уште **12 милиони денари** камата. Само побарувањата на адвокатот е над **181.000 денари**. Општината за перидот 2015-2016 година не ги исплатила субвенциите за кои донела одлука во висина од **9 милиони денари**.

Во вториот квартален извештај од **2018 година**, во расходите значителни се износите за ставките: Разни трансфери- **65,3 милиони денари**, за Поправки и тековно одржување **75 милиони** и за Други градежни објекти **42,6 милиони денари**.

ПРОЕКТ **МЕДИАПЛУС**

# ПОД ЛУПА

## ТРОШЕЊЕТО НА 20-ТЕ НАЈЗАДОЛЖЕНИ ОПШТИНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

## Општина: Неготино

**Вкупен долг: 65.264.558ден**

**Актуелен градоначалник: Тони Делков**

### ДОЛГ ПО ГОДИНИ

2012 30.548.006ден
2013 33.744.097ден
2014 36.083.518ден
2015 45.697.410ден
2016 40.541.923ден
2017 81.673.974ден
2018 65.264.558ден

MEDIAPLUS.ORG.MK/PODLUPA



**2012 година** – долг **30,5 милион денари**. Вратени обврски **64 милиони денари**.
Општината должи 11 милиони денари кон ГП Гранит од Скопје, 5 милиони кон компанијата Стоименов ДООЕЛ, кон ЕВН 1,8 милиони и 2,5 милиони кон ЈП Комуналец.

**2013 година** – долг **33,7 милион денари**. Вратени обврски **66,7 милиони денари**.
Шест милиони денари и дополнителни еден милион за вода, Неготино должи на ЈП Комуналец, 2,9 милиони на Стојменов ДООЕЛ, долг од 3,1 милион денари на Урбан инвест,2,5 милиони на Водостопанство – Тиквеш, 1,5 милиони кон ЕВН. Ова се само дел од подолгиот лист на компании и лица на кои општината им должи.

**2014 година** – долг **36 милион денари**. Вратени обврски **82,5 милиони денари**.
Долгот кон ЈП Комуналец расте и е со износ од 10 милиони денари, 4,6 милиони кон фабриката Слобода, по 1,5 милиони денари кон Водостопанство Тиквеш, Урбан инвест и Пер инженеринг. Меѓу компаниите на кои должи Неготино е и телевизијата К4 – 764.000 денари и ЗЕЛС – близу 500.000 денари.

**2015 година** – долг **45,6 милиони денари.** Вратени обврски **51,3 милиони денари**.
14,7 милиони денари долг кон ЈП Комуналец, 4 милиони кон Уникоп градба, 5,3 кон фабрика Слобода, кон ЕВН – 2,7 милиони, Гранит – Скопје, 2,7 милиони, Секјуриком 914.000 денари, кон ЗЕЛС долгот е 644.000 денари, а кон ТВ Ка4 – 473.000 денари.

**2016 година** – долг **40,5 милион денари**. Вратени обврски **123,6 милиони денари**.
13,6 милиони денари кон ЈП Комуналец, 5,7 милиони кон Уникоп градба,Хидро градежен инженеринг – 2,4 милиони денари, кон ЕВН – 2 милиони. Општина Неготино останала должна кон телевизијата КТВ – над 386.000 денари и кон К1 ТВ од Велес 340.000 денари.

**2017 година** – долг **81,6 милион денари**. Вратени обврски **83,6 милиони денари**.
Долгот кон ЈП Комуналец достигнува 17 милиони денари, кон ЕВН 2,6 милиони и дополнителни 686.000 денари со спогодба. 7,8 милиони кон ИМГД, 7 милиони кон ГТД изградба, 5,4 милиони кон Павер трејд и 5,1 милиони кон Ешма шпед. На компаниите на кои должи општината се и медиските: МПМ – 94.000, КТВ – 404.000, К1 ТВ – 347.000 и Ка4 ТВ – 388.000 денари.

**2018 година** - долг **65,2 милион денари.** Вратени обврски **35,2 милиони денари**.
На листата на компании на кои должи, освен медиуми се и компании за осигурување, градежни и проектантски фирми, агенција за привремени вработувања и други.

**Со дури 12 медиуми, национални и локални, печатни и електронски, Општина Неготино имала деловни односи во 2018 година, а со повеќето и во текот на изминатите години. На дел им должи, но дел успеале да си ги наплатат услугите. Меѓу медиумите, чии фирми се на финансиските картички за 2018 година на Општина Неготино, се ТВ 24 Вести, Вечер прес, телевизијата од Кавадарци КТВ, потоа весникот Слободен печат, Коха, МТВ, Адриа медиа груп, ТВ Ка4, радио Кавадарци и радио Плус, а на листата на медиуми на кои должи е и фирмата на Срѓан Керим во стечај, Медија принт Македонија. Значајни износи за медиуми биле плаќани од блокираната и задолжена општина. Општината е предводена од градоначалник од СДСМ, партијата, која во опозиција силно се бореше против владините реклами и рекламирањето на власта во медиумите.**

ПРОЕКТ **МЕДИАПЛУС**

# ПОД ЛУПА

## ТРОШЕЊЕТО НА 20-ТЕ НАЈЗАДОЛЖЕНИ ОПШТИНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

# Општина: Охрид

## Вкупен долг: 1.286.673.985ден

## Актуелен градоначалник: Јован Стојаноски

## ДОЛГ ПО ГОДИНИ

2012 803.330.739ден 2014 894.869.962ден 2016 752.262.072ден 2018 1.286.673.985ден

2013 932.579.101ден 2015 851.183.109ден 2017 751.650.324ден

MEDIAPLUS.ORG.MK/PODLUPA



**2012 година** – долг **803,3 милиони денари.** Вратени се **490 милиони денари**.
Според завршната сметка за 2012 година, за привремени вработувања се потрошени 1,9 милиони. Меѓу расходите, е евидентирана набавка на возило од 4 милиони денари.

**2013 година** – долг **932,5 милиони денари**. Вратени **322,9 милиони денари**
Завршна сметка: 3,3 милиони денари за привремени вработувања. 4 милиони за субенции за јавните претпријатија, за ставката Разни трансфери - 15 милиони а за договорни услуги 72,5 милиони денари. Не е прецизирано за што се договорните услуги.

**2014 година** – долг **894,8 милиони денари**. Вратени **252,3 милиони денари**
Долгот кон ЈП Комуналец расте и е со износ од 10 милиони денари, 4,6 милиони кон фабриката Слобода, по 1,5 милиони денари кон Водостопанство Тиквеш, Урбан инвест и Пер инжинеринг. Меѓу компаниите на кои догжи Неготино е и телевизијата К4 – 764.000 денари и ЗЕЛС – близу 500.000 денари.

**2015 година** – долг **851,1 милиони денари**. Вратени **330,2 милиони денари**
Завршна сметка:Расходи 853,1 милион, 21,4 милиони за други градежни објекти, а за привремени вработувања 10,1 милиони денари. За ставката Договорни услуги - 75,8 милиони, додека за субвенции до ЈП – 20 милиони денари.

**2016 година** – долг **752,2 милиони денари**. Вратени **430 милиони денари**.
Завршна сметка: Расходи 761,6 милиони денари.
Домашно задолжување 78 милиони денари. 300.000 денари за камати. Субвенции кон ЈП 1,9 милиони, за Договорни услуги 19,6 милиони. Приходи по основа на кредит 78 милиони денари.

**2017 година** – долг **751,6 милиони денари**. Вратени **361,8 милиони денари**
Општината Охрид преку извештаите презентирани на седниците на општинскиот Совет, соопшти дека има многу утужени решенија, но не се знае точно колку. Поради тоа, формирана е комисија, која работи на утврдување на состојбата со утужените решенија, каматите и неплатените обврски.

**Во 2015 година позајмени се 1,5 милиони евра за моденизација на системот за водоснабдување и отпадни води. Само Проаква годишно е со загуба од 52 милиони денари. До крајот на 2014 година загубата изнесувала 132 милиони денари. Сега се води постапка за поделба на ова јавно претпријатие на три дела.**

**Поранешниот градоначалник Никола Бакрачевски во 2014 објави дека има општината има 291,5 милиони денари обврски.**

**Актуелниот градоначалник Јован Стојановски на отчетот од едногодишното работење не кажа точна бројка за тоа колку изнесува долгот на општината. На прес конференцијата на 30 -ти јануари, по повод сто дена од преземањето на општината, исто така не соопшти бројка, туку само дека „Охрид дневно губи по 10.000 евра, односно по две вработувања се губат секојдневно и тоа само според финансиските долгови". Стојаноски кажа дека треба рефинансирање, а проблем е и материјалниот долг. Не се покриени комуналиите, ни трошоците за уредување на градежно земјиште.**

ПРОЕКТ МЕДИАПЛУС

# ПОД ЛУПА

## ТРОШЕЊЕТО НА 20-ТЕ НАЈЗАДОЛЖЕНИ ОПШТИНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

## Општина: Пехчево

**Вкупен долг: 58.002.577ден**

**Актуелен градоначалник: Драган Тренчовски**

### ДОЛГ ПО ГОДИНИ

2012 20.163.136ден
2013 23.270.338ден
2014 28.094.376ден
2015 28.766.239ден
2016 30.047.803ден
2017 35.898.353ден
2018 58.002.577ден

MEDIAPLUS.ORG.MK/PODLUPA



**2012 година** – долг **20,1 милиони денари** долг. Вратено **10,4 милиони денари**

Најголем долг кон четири приватни компании: Бердом инженеринг, Интер констракшн, Грамада и Конти хидропласт. Кон ЕВН над 1.7 милиони денари, за улично осветлување и потрошена струја. Има долг и кон НЛБ лизинг од 643.000 денари.
Во Општината биле ангажирани нови 9 вработени преку агенција за привремени вработувања.
Оштината има долг кон Агенција за времени вработувања во износ од 643.452 денари.

**2013 година** – долг **23,2 милиони денари**. Вратено **16 милиони денари.**

Општината должи кон ЈП Комуналец – 2,4 милиони денари, долг кон истите компании како и во 2012 година. Ангажирана е нова агенција за времени вработувања – АПВ Депов, кон која општината направила долг од 774.000. Кон ЕВН има долг од над 1,1 милиони денари, кон НЛБ лизинг 509.000 денари неплатени оберски. Меѓу доверителите има и медиуми: Радио Пехчево, радио Роса, ТВ Ирис, ТВ Стар . Во меѓувреме на двете телевизии им се исплатени оберските.

**2014 година** – долг **28 милиони денари.** Утужени **4,7 милиони.**
Вратено **33,6 милиони денари.**

Расте долгот кон ЈП Комуналец – 2,4 милиони денари, кон Порше лизинг 1,3 милиони, кон 5 приватни фирми неплатени оберски по над еден милион. Кон агенцијата за привремени вработувања АПВ Депов - 259.000 денари долг.

**2015 година** – долг **28,7 милиони денари.** Утужени обврски **2,8 милиони денари.**
Вратено **25,8 милиони денари**

Општината догжи кон: ЈП Комуналец 3,1 милион денари, а има долг кон три приватни компании со по над еден милион денари. Во утужени оберски: Конти хидропласт 13,8, Перпарими 4,1 милиони денари, ЕЛЕМ 2,5 милиони денари, кон две агенции за времени вработувања: АПВ Депов 259.000 денари и АПВ Контакт бизнис - 645.000 денари. За прв пат во утужените оберски се јавува името на актуелниот градоначалник Драган Тренчовски 153.032 денари.

**2016 година** – долг **30 милиони денари** долг. Вратено **25,2 милиони денари**

Општината Пехчево долгува 9 милиони денари, кон ЈП Комуналец 3,5 милиони и кон три фирми со по износ над милион. Има неподмирени оберски кој градежни и проектантски фирми, но и кон две лизинг компании - НЛБ Лизинг-116.000 и Порше Лизинг - 535.000 денари, а општината должи и кон Општина Делчево во износ од 3,6 милиони денари. Се јавува и нова агенција за привремени вработувања – Реалност, на која општината должи 244.291 денари.

**2017 година** – долг **35,8 милиони денари**. Вратено **42,1 милиони денари**

Неподмирени оберски кон: Жикоп 7,6 милиони денари, побаруваат и двајца извршители, кон ЈП Комуналец 3,7 милиони, а кон 4 приватни фирми има долг по над милион денари. Утужени оберски – ЕЛЕМ 2,5 милиони денари, Перпарими 4 милиони, Конти хирдипласт 13,8 милиони денари, Драган Тренчовски – исто.

**2018 година** - долг **58 милиони денари**. Вратено **18,7 милиони денари**

Без позначајни промени во износите и доверителите: кон Жикоп 7,7 милиони денари, ЈП КОмуналец 3,7 милиони, кон две фирми со по над еден милион долг, кон АПВ Реалност 320.000 денари. Ангажирани преку агенција за привремени вработувања - 9. Во утужени без начајни промени. Додадени на листата оберските кон Министерство за транспорт – 5 милиони и компанијата ДоРеМИ – 2,4 милиони денари.

**ПРОЕКТ МЕДИАПЛУС**

# ПОД ЛУПА

## ТРОШЕЊЕТО НА 20-ТЕ НАЈЗАДОЛЖЕНИ ОПШТИНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

## Општина: Ранковце

**Вкупен долг: 12.816.445ден**

**Актуелен градоначалник: Ивица Тошевски**

### ДОЛГ ПО ГОДИНИ

2012 7.470.117ден

2013 11.747.689ден

2014 8.964.953ден

2015 6.858.435ден

2016 9.290.499ден

2017 13.541.961ден

2018 12.816.445ден

MEDIAPLUS.ORG.MK/PODLUPA



**2012 година** – долг **7,4 милиони денари**

Со завршната сметка: 50,9 милиони расходи

Обврски кон: формата Дине трејд – 2,9 милиони денари, ЕВН – 1,4 милиони,а на листата на доверители е и ресторанот Парк Гиновци со износ од 377.160 денари.

**2013 година** – долг **11,7 милиони денари**

Завршна сметка - расходи: 53,5 милиони денари

Обврски кон: Дине трејд – 3 милиони денари, Стоименов ДООЕЛ – 3,1 милион, ЕВН – 2 милиони, а кон Парк Гиновци долг со износ од 250.695 денари, ЈП Јавна чистота – 644.000 денари.

**2014 година** – долг **8,9 милиони денари**

За ставката други градежни објекти – 4 милиони, а за комунални услуги 3 милиони.

Долг кон: Дине трејд – 2,7 милиони , Стоименов ДООЕЛ – 3,1 милион, ЕВН – 1,9 милиони денари.

**2015 година** – долг **6,8 милиони денари**

Обврски кон: Дине трејд – 3 милиони денари, Стоименов ДООЕЛ – 3,1 милион, ЕВН – 2 милиони денари, а кон Парк Гиновци износ од 250.695 денари и кон ЈП Јавна чистота – 644.000 денари

**2016 година** – долг **9,2 милиони денари**

Обврски за недоправениот Противпожарен дом и тековни обврски

Главнината за плаќање 1.8 милион денари.

Долгови кон компаниите: Дине трејд – 2,5 милиони денари, Бауер БГ – 139.000 денари, ЕВН – 1,6 милиони, а обврски има и кон ЈП Јавна чистота и ЈП Македонски шуми.

Со завршна сметка – 93,7 милиони расходи.

**2017 година** – долг **13,5 милиони денари**

Новиот градоначалник Ивица Тошевски го дочекува домашно задолжување од 3,1 милион денари, отплата на главнина на долг од 1,8 милиони, а за неплатна струја и Противпожарниот дом вкупен долг од 9,1 милиони.

На ЕВН должи 1,7 милиони за улично осветлување, а на компанијата Конструктор 3,7 милиони денари.

**2018 година** - долг **12,8 милиони денари**

Веќе во 2018 година стигнува за отплата заемот од Светска банка во износ од 2,1 милион денари, а меѓу поголемите обврски се тие кон ЕВН – 2,9 милиони и кон ЈП за водовод и канализација во износ од 1,1 милион. Кон ЗЕЛС Ранковце должи 194.000 денари, додека кон Центарот за североисточен плански регион 877.000 денари.Од вработувања, во 2014 примени се двајца на неопределено време, а по еден од 2015-2017.

ПРОЕКТ **МЕДИАПЛУС**

# ПОД ЛУПА

## ТРОШЕЊЕТО НА 20-ТЕ НАЈЗАДОЛЖЕНИ ОПШТИНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

## Општина: Ресен

**Вкупен долг: 79.952.320ден**

**Актуелен градоначалник: Живко Гошаревски**

### ДОЛГ ПО ГОДИНИ

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2012 | 88.908.931ден | 2014 | 126.302.923ден | 2016 | 119.870.998ден | 2018 | 79.952.320ден |
| 2013 | 110.185.989ден | 2015 | 101.421.316ден | 2017 | 93.774.931ден | | |

MEDIAPLUS.ORG.MK/PODLUPA



**2013 година** – долг **110 милиони денари.** Вратени **84 милиони денари.**
Буџетот изнесувал **290 милиони денари.**

**2014 година** – долг **126 милиони денари.** Вратени **106,4 милиони денари.**
Буџетот изнесувал **286 милиони денари.**

**2015 година** – долг **101 милиони денари**. Вратени **95,8 милиони денари**.
Буџетот изнесувал **228 милиони денари**
За плати и надоместоци се троши 98 милиони денари или близу 40% од општинскиот буџет. Во приходниот дел се внесува и износот од 16 милиони денари од Европска унија. И покрај задолженоста, Општината Ресен трансферирала 2,9 милиони денари кон невладини организации.

**2016 година** – долг **120 милиони денари.** Вратени **101 милиони денари**
Расходниот дел од општинскиот буџет изнесувал 232,2 милиони денари. За плати се потрошени 98,8 милиони, за привремени вработувања 2,9 милиони и за купување возила - 690.000 денари.

**2017 година** – долг **93,7 милиони денари.** Вратени **101 милиони денари**
Расходниот дел од општинскиот буџет изнесувал 244,6 милиони денари. За плати 101 милион, за привремени вработувања 2,5 милиони и трансфери до невладини организации 923.000 денари.

**2012 година** – долг **88,9 милиони денари.** Вратени **55 милиони денари.**
Буџетот изнесувал **183 милиони денари.**

**Градоначалникот Живко Гошаревски во извештајот за тоа што затекнал во Општината Ресен со неговото доаѓање, кажа дека од неговиот претходник Гоко Стрезовски, наследил долг над 2,9 милиони евра кон вкупно 560 доверители и блокирана сметка над 1,1 милион евра. Исто така, наследил книжени и неподмирени обврски, фактури и оптужени обврски од над 99 милиони денари. Општината не ги платила обврските по Договорот за јавно приватно партнерство за реконструкција, модернизација, надградба и одржување на системот за јавно осветлување на подрачјето на Општина Ресен во износ од 82.5 милиони денари.**

ПРОЕКТ **МЕДИАПЛУС**

# ПОД ЛУПА

ТРОШЕЊЕТО НА 20-ТЕ НАЈЗАДОЛЖЕНИ ОПШТИНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

## Општина: Сопиште

**Вкупен долг: 42.393.315ден**

**Актуелен градоначалник: Стефче Трковски**

## ДОЛГ ПО ГОДИНИ

2012 52.010.248ден 2014 11.793.739ден 2016 29.937.636ден 2018 42.393.315ден

2013 13.412.659ден 2015 16.218.300ден 2017 57.473.570ден

MEDIAPLUS.ORG.MK/PODLUPA



**2012 година** – долг **52 милиони денари**. Вратено **24,1 милиони денари**

Најголем долг кон Конти хридропласт – 22,9 милиони денари, кон ЕЛЕМ 10,7 милиони, следат ЕВН со 2,7 милиони, ЈП ЈСП – 1,1 милиони денари.Во групата на приватни фирми на кои им должи е и Трансмет на Сеад Кочан со износ од 1,3 милиони. За привремени вработувања се издвоени 1,1 милион. Општината плаќала и по извршни решенија, кои се провлекуваат со години. Во 2012 година по извршни исплати се исплатени 6,6 милиони денари. За возила се потрошени 476.000 денари, а од планираното собирање на данок на имот, во општината е собрано само половина од планираниот износ. Атрактивното земјиште на Општината од продажбата донело приход од над 8 милиони денари.

**2013 година** – долг **13,4 милиони денари**. Вратено **95,6 милиони денари**

Во годините што следат, само се препишувале долговите кон одредени доверители. Меѓу нив и кон актуелниот градоначалник на Град Скопје, Петре Шилегов, кој како адвокат од Општината Сопиште чека да наплати 102.534 денари. Во 2017 и 2018 година се јавуваат две извршителки – 45,8 милиони е извршното решение на Снежана Фитеска, додека Катерина Кокина 2,4 милиони денари. Фитеска во 2018 се уште не ги наплатила сите пари, но дел успеала и го намалила износот на 33,6 милиони.

**2014 година** – долг **11,7 милиони денари**. Вратено **26,7 милиони денари**

Општината должи кон: ЕЛЕМ – 9,8 милиони денари, додека останатите неколку поголеми доверители се без промена во салдото. Интересно е дека од продажба на земјиште, општината остварила приход од 10 милиони денари. За привремени вработувања се потрошени два милиони, а за извршни решенија нешто над еден милион.

**2015 година** – долг **16,2 милиони денари**. Вратено **36,1 милиони денари**

Најголема обврска Општина Сопиште имала кон ЕЛЕМ – 8,7 милиони денари, додека должи и кон проектантски и градежни компании. Меѓу оние на кои должи е и МВР – 137.163 денари, износ што не е наплатен се' до денеска, односно речиси четири години. Близу два милиони се извршни решенија, привремени вработувања од 2,7 милиони додека од продажба на земјиште од планираните 97 милиони биле остварени 8,5 милиони. Од планираниот буџет од 191 милион, биле реализирани 86,8 милиони денари.

**2016 година** – долг **29,9 милиони денари**. Вратено **54 милиони денари**

Компанијата Еуроинг со 15,7 милиони е прв на листата со највисок износ во општината, следи ЕЛЕМ со 8,2 милиони. Во 2016 година прикажано е домашно задолжување од 24 милиони денари. Општината од продажба на земјиште успеала да оствари приход од 15 милиони денари.

**2017 година** – долг **57,4 милиони денари**. Вратено **81,7 милиони денари**

Освен кон спомenатите извршители Фитеска и Кокина, Општина Сопиште должи кон ЕВН – 1,4 милиони денари, Пелагонија АД со 1,5 милиони, ЈП ЈСП – 610.000 денари, а на оваа листа кон кој должи е и фирмата од случаите на Специјалното јавно обвинителство – ВАТО, со близу 400.000 денари. За привремени вработувања биле извоени 1,6 милиони денари.

**2018 година** – долг **42,3 милиони денари**. Вратено **41,5 милиони денари**

Состојата со доверителите без позначајна измена.

**ПРОЕКТ** **МЕДИАПЛУС**

# ПОД ЛУПА

**ТРОШЕЊЕТО НА 20-ТЕ НАЈЗАДОЛЖЕНИ ОПШТИНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА**

## Општина: Старо Нагоричане

**Вкупен долг: 22.584.387ден**

**Актуелен градоначалник: Жаклина Јовановска**

### ДОЛГ ПО ГОДИНИ

2012 20.491.811ден
2013 21.550.063ден
2014 18.397.365ден
2015 30.540.919ден
2016 20.230.360ден
2017 17.326.626ден
2018 22.584.387ден

MEDIAPLUS.ORG.MK/PODLUPA




**2012 година** – долг **20,4 милиони денари**. Вратено **282.432 денари**
За привремени вработувања потрошени 1,6 милиони.

**2013 година** – долг **21,5 милиони денари**. Вратено **11.478 денари.**
Во завршната сметка за ставка Други градежни објекти реализирани 47,9 милиони, за Разни трансфери 11,7 милиони, а плати и надоместоци 40 милиони. За привремени вработувања 967.000 денари.
Планирани расходи од 86 милиони, реализирани само 33 милиони.

**2014 година** – долг **18,3 милиони денари**. Вратено **247.129 денари**
Отплата на главнина 1,8 милиони. За времени вработувња - 2,3 милиони. Има и побарувања од граѓаните во износ од 2,5 милиони денари.
Планирани расходи 175 милиони, остварени 85 милиони.

**2015 година** – долг **30,5 милиони денари**. Вратено **355.681 денари**
Планирани приходи 142 милиони, реалзирани 66,5 милиони.
Исплата на главнината 900.000 денари. Од планираните 29 милиони од продажба на земјиште, реалзирани 2,3 милиони. За времени вработувања – 433.000 денари.

**2016 година** – долг **20,2 милиони денари**. Вратено **724.270 денари.**
Планирни приходи 83 милиони, остварени 36,9 милиони. Од планираните 7,4 милиони за данок на имот, остварени 2,4 милиони. Останува ставката Други градежни објекти од 11 милиони денари. Отплата на главнина 900.000 денари. Времени вработувања 250.000 денари.

**2017 година** – долг **17,3 милиони**. Вратено **201.464 денари**

**2018 година** – долг **22,5 милиони**. Вратено **197.046 денари**

**ПРОЕКТ МЕДИАПЛУС**

# ПОД ЛУПА

**ТРОШЕЊЕТО НА 20-ТЕ НАЈЗАДОЛЖЕНИ ОПШТИНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА**

## Општина: Струга

**Вкупен долг: 214.710.470ден**

**Актуелен градоначалник: Рамис Мерко**

**ДОЛГ ПО ГОДИНИ**

2012 85.589.584ден 2014 154.276.539ден 2016 234.769.762ден 2018 214.710.470ден

2013 145.023.404ден 2015 203.664.093ден 2017 183.622.532ден

MEDIAPLUS.ORG.MK/PODLUPA



**2012 година** – долг **85,5 милиони денари**

Компании кон кои должи и износи: ЕЛЕМ 23,3 милиони денари, АД „Илинден" - 21,5 милиони, ЈП Комунално – 9 милиони, Метал електрк - 6,1 милиони, Сити лајт 5 милиони, Електро Струга 2,7 милиони, Транс АГ 2,24 милиони , Зепс 1,96 милиони Ерр коп 1,7 милиони, Транс раиф 1,7 милиони денари, Центар за развој - 1,26 милиони и ВРО Црн Дрим 1,1 милион денари.На листата на кои должи се и медиуми- како ТВ Калтрина и Журнал.

**2013 година** – долг **145 милиони денари**

Три компании ја чинат основата на долгот – Градежник - Охрид 57,4 милиони денари, Метал електрик 25,3 милиони, кон ЕЛЕМ 23 милиони денари, следат ЈП Комунално со 5,5 милиони, Електро Струга 3,3 милиони, кон Зепс 2,4милиони, потоа Гони транс – 3 милиони, Бени транс -2,3 милиони денари и со по над еден милион денари кон ВРО Црн Дрим, ДиБ Груп, Центар за развој, Инсталација Зајас и Рандем. На листата со поголеми побарувања се уште неколку транспортни фирми и Проаква со над 900.000 денари.

**2014 година** – долг **154,2 милиони денари**

Општината Струга должи кон: Градежник 49 милиони денари, ЕЛЕМ 23 милиони, Сити лајт 25 милиони, ЈП Комунално - 8,2 милиони, ЕВН 7,6 милиони, ГП Гранит - 5,7 милиони ,кон Зепс 2,9 милиони, Мирани АГ – 2,6 милиони, Бени транс 2,3 милиони, Три М и Пошка Сони по 2 милиони денари, Рандем и Проаква по 1,5 и по над еден милион должи на Инсталација Зајас, Блерим комерц и Црн Дрим.

**2015 година** – долг **203,6 милиони денари**

Четири компании се најголемите доверители на Општина Струга во 2015 година: Ремис - Охрид со 39,8 милиони денари, Миграни – Велешта со 32,4 милони, Сити лајт со 25,3 милиони и ЕЛЕМ 23,3 милиони денари. Следат ЈП Кмунално со побарувања од 11,4 милиони, ЕВН 9,6 милиони, ТИМ Петрол 9,1 милиони, Пуцко петрол 7,8 милиони и Гранит Скопје со 7 милиони денари. Долгот кон Проаква пораснал на 4,6 милиони, кон ЗЕЛС 3,4 милиони, а општината должи и на Пошка Сони - 2,2 милиони и Цен за развој 2 милиони денари, а со по еден милион кон Винер осигурување, ВИА сигнал, Црн Дрим и Блерим комерц.

**2016 година** – долг **234.7 милиони денари**

Општината со поголеми долгови кон: ЈП Комунлно 37,6 милиони денари, Пелистер Битола 29,56 милиони, Трим 28,9 милиони, Сити лајт 25,3 милиони, ЕЛЕМ 23 милиони, Тим петрол 14,4 милиони, кон Гранит Скопје и Мирани АГ по 7,1 милион, ЕВН 5,7 милиони, Пуцко 5,5 милиони, Пошка Сони 5,4 милиони,кон Проаква 4,3 милиони, ДиБ груп 4,9 милиони и Зепс 3,7 милиони денари.

**2017 година** – долг **183.6 милиони денари**

Неплатени обврски кон: Пелистер Битола - 29,5 милиони денари, Сити лајт 25 милиони, ЕЛЕМ 23 милиони, ТИМ Петром 15,7 милиони, МИ транс 10 милиони, Гранит 9 милиони денари. Кон ЈП Комунално 8,2 милиони, ДиБ груп 7,7 милиони, ЕВН 5,1 милиони, Мирани 4,3 милиони, кон Зепс 3,7 милиони, Проаква 2 милиони денари. Долгот кон АПВ СПИД изнесува 1,3 милиони денари.

**2018 година** – долг **214.7 милиони денари**

Долгот кон Сити лајт пораснал на 77,6 милиони, без промени долговите кон Пелистер - 29 милиони, ЕЛЕМ - 23 милиони, Гранит 9 милиони, ДиБ груп 7.7 милиони, по 5,5 милиони кон Пуцко петрол и ЈП Комунално. Од останатите обврски кон: МИ транс 4,4 милиони, ТИМ петрол 3,5 милиони, Пошка 3.4 милиони, Мирани 4,3 милиони, Зепс 4,2 милиони денари, Блерим 3,1 милиони, Проаква 2,4 милиони и кон ЕВН 2,2 милиони денари.

**ПРОЕКТ** **МЕДИАПЛУС**

# ПОД ЛУПА

**ТРОШЕЊЕТО НА 20-ТЕ НАЈЗАДОЛЖЕНИ ОПШТИНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА**

## Општина: Тетово

**Вкупен долг: 640.417.615ден**

**Актуелен градоначалник: Теута Арифи**

### ДОЛГ ПО ГОДИНИ

2012 226.107.671ден 2014 354.105.058ден 2016 459.250.724ден 2018 нема информации

2013 329.129.690ден 2015 399.805.104ден 2017 640.417.615ден

MEDIAPLUS.ORG.MK/PODLUPA



**2012 година** – долг **226,1 милион денари**

**2013 година** – долг **329,1 милион денари**

**2014 година** – долг **354,1 милион денари**

**2015 година** – долг **399,8 милион денари**

**2016 година** – долг **459,2 милион денари**

**2017 година** – долг **640,4 милион денари**

На 30.03.2018 Советот на општината Тетово донесува одлука за долгорочно домашно задолжување во рамките на вториот проект за подобрување на општинските услуги MSIP2 СО Договор за заем со Министерството за финасии од Меѓународната банка за обнова и развој во износ од 137,2 денари за реконструкција на булеварите „Илинденска" и „Видое Смилевски – Бато", со грејс период од три години и рок на отплата 13 години, камата од 6%. Последниот датум за исплата е не подоцна од 15.09.2033 година.

**ПРОЕКТ** **МЕДИАПЛУС**

# ПОД ЛУПА

**ТРОШЕЊЕТО НА 20-ТЕ НАЈЗАДОЛЖЕНИ ОПШТИНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА**

## Општина: Врапчиште

**Вкупен долг: 140.220.289ден**

**Актуелен градоначалник: Исен Шабани**

### ДОЛГ ПО ГОДИНИ

2012 67.495.522ден
2014 83.169.762ден
2016 114.931.186ден
2018 140.220.289ден
2013 66.458.875ден
2015 96.234.047ден
2017 128.845.943ден

MEDIAPLUS.ORG.MK/PODLUPA



**2012 година** – долг **67 милиони денари**

**2013 година** – долг **66 милиони денари**

**2014 година** – долг **83 милиони денари**

**2015 година** – долг **96 милиони денари**

**2016 година** – долг **114 милиони денари**

**2017 година** – долг **128 милиони денари**

Заклучно со **30.06.2018 година**, долгот на Општината Врапчиште изнесува 140 милиони

Што се однесува до вработувањето, во 2013 година има четири нововработени, во 2015 – едно, во 2017 година еден на недопределно време, додека четири на определено време и во 2018 година двајца на неопределено време и шест вработувања на определено време, во износ од 675.000 денари годишно.

ПРОЕКТ **МЕДИАПЛУС**

# ПОД ЛУПА

## ТРОШЕЊЕТО НА 20-ТЕ НАЈЗАДОЛЖЕНИ ОПШТИНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

# Општина: Зрновци

## Вкупен долг: 8.974.875ден

## Актуелен градоначалник: Блажо Станков

## ДОЛГ ПО ГОДИНИ

2012 9.220.304ден
2013 11.938.358ден
2014 9.145.895ден
2015 8.787.277ден
2016 8.939.391ден
2017 8.136.502ден
2018 8.974.875ден

MEDIAPLUS.ORG.MK/PODLUPA



**2012 година** – долг **9,2 милиони денари**

**2013 година** – долг **11,9 милиони денари**

**2014 година** – долг **9,1 милиони денари**

**2015 година** – долг **8,7 милиони денари**

**2016 година** – долг **8,9 милиони денари**

**2017 година** – долг **8,1 милиони денари**

**2018 година** - долг 8,9 **милиони денари**

Општината е блокирана од 2008 година. Најголемиот дел од оберските се однесуваат на неплатена камата за задоцнето плаќање на главниот долг и дел од процесни трошоци кон ГП Гранит од Скопје. Долгот целосно е платен, но во 2008 општината е блокирана со извршно решение од 8,1 милион утужени обврски кон Гранит. Со текот на годините е плаќан дел од тие обврски, со што и износот се намалува, но не е целосно исплатен.

За илустрација, долгот во 2014 година е 9,1 милион денари, од кои 7,9 милиони се утужени оберски.

Дополнително, во септември 2017 година Општината зела кредит од Министерството за финасии во висина од 8,9 милиони денари за обезбедување европски грант за изградба на градинка, уредување на речно корито и изградба на две улици.